СТ-71/17

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Друштво за производство и трговија УСЈЕПОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје - Кисела Вода, поднесен преку полномошник адвокат Васко Стојков од Битола, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за градежништво трговија и услуги ЈАГРАД Вевчани ДООЕЛ со седиште во Вевчани, вон рочиште, на ден 27.09.2017 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Према стечајниот должник Трговско друштво за градежништво трговија и услуги ЈАГРАД Вевчани ДООЕЛ со седиште во Вевчани, со единствен матичен број на деловниот субјект 5782287, даночен број 4057009502110, со трансакциска сметка број 2.00000878730752 при Стопанска банка АД Скопје, трансакциска сметка број 240230001695335 и број 240230002247653, двете при Универзална Инвестициона банка АД Скопје трнсакциска сметкаброј 290200000353606 и број 530020100389549 при Охридска банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Садула Мифтароски од Струга, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 25.10.2017 година во 10:00 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, канцеларија број 32.

На рочиштето се повикуваат предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предлагачот Друштво за производство и трговија УСЈЕПОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје - Кисела Вода, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за градежништво трговија и услуги ЈАГРАД Вевчани ДООЕЛ со седиште во Вевчани.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:

* привремениот стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Централен регистар
* полномошникот на предлагачот
* должникот заедно со предлогот за поведување на стечајната постапка